# КОЛКАВО Е НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## кај јавните институции во РСМ во 2021 година

### ШТО ТРЕБА ДА ПРЕЗЕМАТ ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ДА ГО ПОДОБРАТ НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

**1.**

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер потребно е да превземе мерки и активности за промоција на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со цел да се зголеми свесноста на граѓаните за ова право и да се поттикне поголемо практикување на истото.

**2.**

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да ги утврди причините поради кои имателите на информации од јавен карактер не успеваат да го испочитуваат законскиот рок и не успеваат да дадат одговор на добиените барања, а врз основа на наодите да развие и да спроведе план и да воспостави механизам со кој ќе се осигури почитувањето на законски утврдениот рок.

**3.**

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер потребно е да  им помогне на институциите кои се нереактивно или пак делумно транспарентни во надминување на проблемите со кои се соочуваат во спроведувањето на законот со цел да го унапредат нивото на транспарентност во своето работење преку примена на иновативен пристап.

**РЕАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** претставува обезбедување на информации за работењето на некоја јавна институција по претходно поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер. Односно, станува збор за транспарентност преку примена на постапки пропишани со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ЦЕЛТА НА ОВАА АНАЛИЗА** да е да го прикаже начинот на постапување на дел од јавните институции при спроведување на постапки иницирани преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021 година. Како и давање на приказ на промените/напредокот во постапувањето на институциите во текот на претходниот период.

Во текот на  2021 година, нивото на реактивна транспарентност ја оценувавме помеѓу вкупно 70 јавни институции (здравствени домови, општи болници, клиники, клинички болници, центри за јавно здравје, институти, Фонд за здравствено осигурување на РСМ, министерства, итн.), а врз основа на спроведени 1.690  постапки за пристап до информации од јавен карактер.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Анализата на постапките е направена по пат на оцена на транспарентноста на секоја институција посебно а од аспект на осум параметри и тоа според следниве:

- број на добиени одговори во редовна постапка;
- број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;
- број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;
- број на барања по кои имателите молчеле;
- број на доставени жалби до имателите на информации од јавен карактер;
- број на жалби по кои е добиен одговор;
- просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до  информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка;

– просечен период на добивање на одговор во жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите. Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценување во која: 0 означува нетранспарентна институција/црвено; 1 – делумно транспарентна/жолто и 2 – транспарентна/зелено.

***ЛЕГЕНДА НА ОЦЕНИ:***

| | |
|---|---|
|  | ***НЕТРАНСПАРЕНТЕН***<br>Нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во подолг временски период од 41 ден од денот на поднесување на барањата. |
|  | ***ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН***<br>Делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 – 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 – 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата. |
|  | ***ТРАНСПАРЕНТЕН***<br>транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 – 0,1% нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесувањето на барањата. |

Во 2021 година, повеќе од половината од набљудуваните институции обезбедуваат информации во постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно тие се реактивно транспарентни и тоа се вкупно 40 институции. Мал е бројот на институции кои воопшто не постапуваат по донесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно кои се реактивно нетранспарентни, а тоа се 8 институции. Како и да е, речиси една третина од набљудуваните институции (вкупно 22) се соочуваат со проблеми во постапувањето по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер . (види табела 1).

Најголемиот број на институции кои се оценети како делумно транспарентни или пак нетранспарентни во обезбедувањето на информации во постапки иницирани согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер , влегуваат во оваа категорија заради две причини, и тоа: надминување на законски утврдениот рок за обезбедување на бараната информација или обезбедување на одговор само по иницирање на жалбена постапка пред Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Просечниот период за обезбедување на информации** по поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер во 2021 година **изнесувал 55 ден**. Институција која во најкус рок доставила одговор на поднесено барање е **Центарот за јавно здравје - Куманово**, додека институција која најмногу доцни со доставување на одговор на поднесено барање е **Центар за јавно здравје Кочани - 61 ден.**

Всушност, со години наназад институциите, Општите болници Охрид и Гостивар, не доставуваат одговор на доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Кога зборуваме за поединечните параметри по кои е спроведена оцената на институциите, резултатите укажуваат на следното:**

- во редовна постапка се добиени одговори на 1.478 барање (87,45% од вкупниот број на барања);
- бројот на барања по кои институциите молчеле изнесува 10

– просечен број на добивање на одговор сметано од денот на поднесување на барањето изнесува 55 ден;

– просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесување на жалбата изнесува 12 денови;

– додека просечниот број на денови на добивање на одговор сметано од денот на поднесување на жалбата изнесува 5 дена.

Во 2021 година, во однос на претходните години, напредокот е забележителен кај повеќе од половина од институции кои од нетранспарентни преминале во делумно транспарентни институции. Важно е да се напомене дека иако бројот е мал, но постојат институции кои во 2021 година од нетранспарентни преминале во категоријата транспарентни институции и тоа: Здравствен дом Гостивар, Општа болница – Струга, Центар за јавно здравје Велес, Центар за јавно здравје Куманово, Центар за јавно здравје Прилеп.

Покрај унапредувањето во нивото на реактивна транспарентност, во 2021 година се бележат и институции кај кои нема никакви промени или пак институции кај кои има уназадување. Односно, **намалување на нивото на реактивна транспарентност** во 2021 година се забележува кај Општа болница „Ферид Мурад“, Гостивар која од реактивно транспарентна институција преминала во нетранспарентна (види анекс 1). А пак, **никаква промена во нивото на реактивната транспарентност не се бележи кај:**

**Транспарентни институции останувaат**:

Здравствен дом Битола , Здравствен дом Вевчани , Здравствен дом Велес , Здравствен дом Виница, Здравствен дом Крива Паланка, Здравствен дом Крушево , Здравствен дом Куманово , Здравствен дом с. Ростуше, Општа болница Велес, Општа болница Кичево, Општа болница со проширена дејност –Кочани, Специјална болница по гинекологија и акушерство „ Мајка Тереза“, Институт за јавно здравје, Центар за јавно здравје Битола Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје и Битола, Медицински факултет Скопје – Центар за семејна медицина, (види анекс 1).

**Реактивно нетранспарентни институции остануваат:**

Здравствен дом Прилеп, Општа болница „Борка Талески“, Прилеп, Министерство за здравство (види анекс 1).

**Табела 1. Ранг-листа на институции од јавниот и од здравствениот сектор од аспект на нивната транспарентност и отвореност**

| Реден број | Реактивно нетранспарентни институции во 2021 година, вкупно 8 (11,42%) | |
|---|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** | |
| **1.** | Здравствен дом Прилеп | ★ |
| **2.** | Здравствен дом Струмица | ★ |
| **3.** | Здравствен дом Берово | ★ |
| **II.** | **Општи, клинички болници** | |
| **4.** | Општа Болница “Д-р Ферид Мурад” Гостивар | ★ |
| **5.** | Општа болница Охрид | ★ |
| **6.** | Општа болница Борка Талески Прилеп | ★ |
| **III.** | **Влада и Министерства** | |
| **7.** | Министерство за здравство | ★ |
| **8.** | Управа за електронско здравство | ★ |

| Реден број | Делумно транспарентни институции во 2021 година, вкупно 22 (31,42%) | |
|---|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** | |
| **1.** | Здравствен дом Гоце Делчев | ★ |
| **2.** | Здравствен дом Крива Паланка | ★ |
| **3.** | Здравствен дом Пробиштип | ★ |
| **4.** | Здравствен дом Ресен | ★ |
| **5.** | Здравствен дом Ростуше | ★ |
| **6.** | Здравствен дом Струга | ★ |
| **7.** | Здравствен дом Кратово | ★ |
| **8.** | Здравствен дом Железничар | ★ |
| **9.** | Здравствен дом Свети Николе | ★ |
| **10.** | Здравствен дом Охрид | ★ |
| **11.** | Здравствен дом Валандово | ★ |
| **12.** | Здравствен дом Скопје | ★ |
| **13.** | Здравствен дом Демир Хисар | ★ |
| **14.** | Здравствен дом Штип | ★ |
| **15.** | Здравствен дом Скопје | ★ |
| **II.** | **Општи болници и универзитетски клиники** | |
| **16.** | ГОБ 8ми Септември Скопје | ★ |
| **17.** | Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | ★ |
| **18.** | Клиничка болница Битола | ★ |
| **19.** | Клиничка болница Штип | ★ |
| **20.** | Универзитетски институт за клиничка биохемија | ★ |
| **III.** | **Центри за јавно здравје** | |
| **21.** | Центар за јавно здравје Кочани | ★ |
| **22.** | Центар за јавно здравје Штип | ★ |

| Реден број | Реактивно транспарентни институции во 2021 година, вкупно 40 (57,14%) | |
|---|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** | |
| 1. | Здравствен дом Неготино | ★ |
| 2. | Здравствен дом Липково | ★ |
| 3. | Здравствен дом Пехчево | ★ |
| 4. | Здравствен дом Крушево | ★ |
| 5. | Здравствен дом Тетово | ★ |
| 6. | Здравствен дом Гостивар | ★ |
| 7. | Здравствен дом Велес | ★ |
| 8. | Здравствен дом Куманово | ★ |
| 9. | Здравствен дом Битола | ★ |
| 10. | Здравствен дом Македонски Брод | ★ |
| 11. | Здравствен дом Вевчани | ★ |
| 12. | Здравствен дом Кичево | ★ |
| 13. | Здравствен дом Радовиш | ★ |
| 14. | Здравствен дом Виница | ★ |
| **II.** | **Центри за јавно здравје** | |
| 15. | Центар за јавно здравје Битола | ★ |
| 16. | Центар за јавно здравје Велес | ★ |
| 17. | Центар за јавно здравје Скопје | ★ |
| 18. | Центар за јавно здравје Куманово | ★ |
| 19. | Центар за јавно здравје Прилеп | ★ |
| 20. | Центар за јавно здравје Тетово | ★ |
| 21. | Центар за јавно здравје Охрид | ★ |
| 22. | Центар за јавно здравје Струмица | ★ |
| **III.** | **Општи болници, институти, клиники** | |
| 23. | Институт за јавно здравје | ★ |
| 24. | Медицински факултет – Центар за семејна медицина | ★ |
| 25. | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ |

| | | |
|---|---|---|
| **26.** | Општа болница со проширена дејност – Кочани | ★ |
| **27.** | Општа болница Велес | ★ |
| **28.** | Општа болница Кичево | ★ |
| **29.** | Општа болница со проширена дејност – Дебар | ★ |
| **30.** | Општа болница Куманово | ★ |
| **31.** | Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | ★ |
| **32.** | Општа болница Струмица | ★ |
| **33.** | Општа болница Струга | ★ |
| **34.** | Клиничка болница Тетово | ★ |
| **35.** | Специјална болница за гинекологија и акушерство Мајка Тереза | ★ |
| **36.** | Универзитетска клиника за детски болести | ★ |
| **37.** | Природно математички факултет | ★ |
| **38.** | Универзитетска клиника за уво, нос и грло | ★ |
| **39.** | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје | ★ |
| **40.** | Завод за рехабилитација на уво, нос и грло Битола | ★ |

Позитивна промена која треба да се истакне во 2021 година е тоа што процентот на барања на кои институциите молчеле е намален, и тоа од 19% во 2019 и 42% во 2020 година на 13%. (види табела број 2). Важно е да се истакне дека, во 2021 година од вкупно **1.478** поднесени барања во редовна постапка добиен е одговор на 87,45%, што претставува унапредување за 8,6 % во однос на 2020. (види табела број 2).

Во последните две години, важно е да се напомене дека е институциите нема одбиено ниту едно барања за пристап до информации од јавен карактер.

Потребата од поднесување на жалби заради прекршување на правото на слободен пристап до информации (молчење на администрацијата) е намалена за 11% во однос на 2014 година. Но за оние постапки за кои се поднесени жалби во 2021 година, се забележува унапредување во

постапувањето на институциите од 8% во однос на 2020 и 82% во однос на 2019 година.

И покрај позитивните примери и идентификуваниот напредок, сепак и понатаму голем проблем во постапувањето на институциите кој влијае врз нивната оценка претставува просечниот број на денови на добивање на одговор на поднесено барање сметано од денот на неговото поднесување. Односно, во 2021 години просечниот број на денови за добивање на одговор е најголем во однос на претходните години и изнесува 55 дена. Ова претставува зголемување за 34 или 14 дена во однос на 2019 и 2014 година.

**Табела 2. Сумарен приказ на поединечни параметри за оцена на нивото на реактивност кај јавните институции во 2021 година во однос на изминатите три години (2014 – 2021)**

| Поединечни параметри | Година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| Број на мониторирани институции | / | / | / | 65 | 72 | 89 | 48 | **70** |
| Број на поднесени барања | / | / | / | 1338 | 1 037 | 2 173 | 780 | **1690** |
| Број на добиени одговори во редовна постапка | / | / | / | 1163 | 901 | 1 737 | 451 | **1478** |
| Процент на добиени одговори во редовна постапка | / | / | / | 87 | 87 | 80 | 58 | **87,45** |
| Број на барања по кои е добиен некомплетен одговор | / | / | / | 7 | 98 | 3 | 0 | **0** |
| Број на одбиени барања/запрени постапки | / | / | / | 3 | 0 | 9 | 0 | **0** |
| Процент на одбиени барања од одговорени | / | / | / | 0,3 | 0 | 0,52 | 0 | **0** |
| Број на барања на кои институциите молчеле | / | / | / | 166 | 136 | 432 | 329 | **212** |
| Процент на барања по кои молчеле | / | / | / | 12 | 13,11 | 18,88 | 42,17 | **12,54** |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од денот на неговото поднесување | / | / | / | 41 | 68 | 74 | 21 | **55** |
| Број на доставени жалби | / | / | / | 163 | 233 | 411 | 329 | **10** |
| Процент на испратени жалби од вкупниот број на испратени барања | / | / | / | 12 | 22 | 19 | 42 | **0,6** |
| Број на жалби по кои е добиен одговор | / | / | / | / | / | 75 | 304 | **10** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на жалби по кои е добиен одговор | / | / | / | / | / | 18 | 92 | **100** |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од поднесување на жалба | / | / | / | / | 150 | 155 | 17 | **5** |
| Просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесена жалба | / | / | / | / | / | 161 | 14 | **12** |

**Анекс 1. Приказ на нивото на реактивна транспарентност и промена во нивото на реактивна транспарентност за секоја институција што е предмет на следење за периодот од 2014 до 2021 година**

| *Реден број* | Назив на институција | Просечна оценка по институција | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| **I.** | **Здравствени домови** | | | | | | | | |
| 1 | ЗД Берово | / | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | / | ★ (red) |
| 2 | ЗД Битола | / | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) | / | ★ (green) |
| 3 | ЗД Вевчани | / | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | / | ★ (green) |
| 4 | ЗД Велес | / | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | / | ★ (green) |
| 5 | ЗД Виница | / | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| 6 | ЗД Гостивар | / | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (green) |
| 7 | ЗД Делчево | / | ★ (red) | ★ (yellow) | / | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) |
| 8 | ЗД Демир Хисар | / | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | / | ★ (yellow) |
| 9 | ЗД Железничар | / | ★ (green) | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | / | ★ (yellow) |
| 10 | ЗД Кичево | / | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | / | ★ (green) |
| 11 | ЗД Кратово | / | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | / | ★ (yellow) |
| 12 | ЗД Крива Паланка | / | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | / | ★ (yellow) |
| 13 | ЗД Крушево | / | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | / | ★ (green) |
| 14 | ЗД Куманово | / | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| 15 | ЗД Македонски Брод | / | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (green) | / | ★ (green) |
| 16 | ЗД Неготино | / | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | / | ★ (green) |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | ЗД Охрид | / | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | / | ★ (жолта) |
| 18 | ЗД Пехчево | / | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| 19 | ЗД Прилеп | / | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | / | ★ (црвена) |
| 20 | ЗД Пробиштип | / | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | / | ★ (жолта) |
| 21 | ЗД Радовиш | / | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | / | ★ (зелена) |
| 22 | ЗД Ресен | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | / | ★ (жолта) |
| 23 | ЗД с. Ростуше | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | / | ★ (жолта) |
| 24 | ЗД Свети Николе | / | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | / | ★ (жолта) |
| 25 | ЗД Скопје | / | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) |
| 26 | ЗД Струга | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | / | ★ (жолта) |
| 27 | ЗД Струмица | / | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | / | ★ (црвена) |
| 28 | ЗД Тетово | / | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (зелена) |
| 29 | ЗД Штип | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (жолта) |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** | | | | | | | | |
| 30 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје | / | / | / | / | / | ★ (црвена) | / | / |
| 31 | Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ – Битола | / | ★ (зелена) | / | / | / | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) |
| 32 | Клиничка болница Штип | / | ★ (зелена) | / | / | / | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) |
| 33 | Општа болница –Струга | / | ★ (црвена) | / | / | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| 34 | Општа болница „8-ми Септември“ Скопје | / | ★ (црвена) | / | / | / | ★ (жолта) | ★ (зелена) | ★ (жолта) |
| 35 | Општа болница „Борка Талески“, Прилеп | / | ★ (црвена) | / | / | / | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| 36 | Општа болница Велес | / | ★ (зелена) | / | / | / | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| 37 | Општа болница Кичево | / | ★ (зелена) | / | / | / | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| 38 | Општа болница Куманово | / | ★ (зелена) | / | / | / | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) |
| 39 | Општа болница со проширена дејност – Гевгелија | / | ★ (зелена) | / | / | / | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (жолта) |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Општа болница со проширена дејност – Дебар | / | ★ (green) | / | / | / | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| 41 | Општа болница со проширена дејност – Кавадарци | / | ★ (green) | / | / | / | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (green) |
| 42 | Општа болница со проширена дејност – Кочани | / | ★ (green) | / | / | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| 43 | Општа болница Струмица | / | ★ (green) | | | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| 44 | Општа болница „Ферид Мурад“, Гостивар | / | ★ ★ (green) | / | / | / | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| 45 | Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ | / | / | / | / | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) |
| 46 | Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“– Скопје | / | / | / | / | / | / | ★ (green) | / |
| 47 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | / | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) |
| 48 | Универзитетска клиника за детски болести | / | / | / | ★ (green) | / | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (green) |
| 49 | Универзитетски институт за радиологија | / | / | / | / | / | ★ (red) | / | / |
| **III.** | **Институти и центри за јавно здравје** | | | | | | | | |
| 50 | Институт за јавно здравје | / | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) |
| 51 | Институт за микробиологија и паразитологија | / | / | / | / | / | ★ (green) | / | / |
| 52 | Центар за јавно здравје Битола | / | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (green) | / | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) |
| 53 | Центар за јавно здравје Велес | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) |
| 54 | Центар за јавно здравје Кочани | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (yellow) |
| 55 | Центар за јавно здравје Куманово | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| 56 | Центар за јавно здравје Охрид | / | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) |
| 57 | Центар за јавно здравје Прилеп | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 58 | Центар за јавно здравје Скопје | / | ★ green | ★ green | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ green |
| 59 | Центар за јавно здравје Струмица | / | ★ green | ★ green | ★ yellow | ★ yellow | ★ red | ★ red | ★ green |
| 60 | Центар за јавно здравје Тетово | / | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red | ★ green | ★ red | ★ green |
| 61 | Центар за јавно здравје Штип | / | ★ red | ★ green | ★ green | ★ red | ★ green | ★ green | ★ yellow |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** | | | | | | | | |
| 62 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола | / | / | / | / | / | ★ green | / | ★ green |
| 63 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје | / | / | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | / | ★ green |
| 64 | Македонско лекарско друштво | / | / | / | / | / | ★ red | / | / |
| 65 | Медицински факултет Скопје – Центар за семејна медицина | / | / | ★ yellow | ★ green | / | ★ green | ★ green | ★ green |
| 66 | Управа за електронско здравство | / | / | / | / | / | ★ yellow | / | ★ red |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** | | | | | | | | |
| 67 | Агенција за вработување на РСМ | / | / | / | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ green | / |
| 68 | Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ | / | / | / | ★ yellow | / | ★ yellow | ★ green | / |
| 69 | Генерален секретаријат на Владата на РСМ | / | / | / | / | ★ green | ★ yellow | ★ yellow | / |
| 70 | Министерство за внатрешни работи | / | / | / | / | ★ green | ★ green | / | / |
| 71 | Министерство за економија | / | / | / | ★ red | ★ green | ★ green | / | / |
| 72 | Министерство за животна средна и просторно планирање | / | / | / | / | ★ red | ★ green | / | / |
| 73 | Министерство за здравство | / | ★ red | ★ yellow | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |
| 74 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | / | / | / | ★ red | ★ red | ★ green | / | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 75 | Министерство за информатичко општество и администрација | / | / | / | / | ★ (red) | ★ (green) | ★ (yellow) | / |
| 76 | Министерство за култура | / | / | / | / | ★ (red) | ★ (yellow) | / | / |
| 77 | Министерство за надворешни работи | / | / | / | / | ★ (green) | ★ (green) | / | / |
| 78 | Министерство за образование и наука | / | / | / | / | ★ (red) | ★ (yellow) | / | / |
| 79 | Министерство за одбрана | / | / | / | / | ★ (yellow) | ★ (green) | / | / |
| 80 | Министерство за правда | / | / | / | / | ★ (yellow) | ★ (yellow) | / | / |
| 81 | Министерство за транспорт и врски | / | / | / | / | ★ (yellow) | ★ (yellow) | / | / |
| 82 | Министерство за труд и социјална политика | / | / | ★ (yellow) | / | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | / |
| 83 | Министерство за финансии | / | / | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (green) | / |
| 84 | Министерство за локална самоуправа | / | / | / | / | ★ (red) | ★ (green) | / | / |
| 85 | Програма за развој на Обединетите нации | / | / | / | / | / | ★ (red) | / | / |
| 86 | Фонд за здравствено осигурување на РСМ | / | / | / | / | ★ (green) | ★ (red) | / | / |
| 87 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | / | / | / | / | ★ (green) | ★ (green) | / | / |
| 88 | Природно математички факултет | / | / | / | / | / | / | / | ★ (green) |
| 89 | Централен регистар на РСМ | / | / | / | / | / | ★ (red) | ★ (green) | / |
| 90 | Управа за јавни приходи | / | / | / | / | ★ (red) | / | / | / |
| 91 | Биро за јавни набавки | / | / | / | / | / | / | ★ (green) | / |

Легенда: „ / “. – Институцијата не била предмет на оценување во тековната година, или пак параметарот не можел да биде пресметан.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ